**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД**
**01.01.2011-31.12.2011**

Назив на субјектот: **АГРОМЕХАНИКА А.Д.увоз-извоз СКОПЈЕ**

Седиште на субјектот: **Бул. "Маркс и Енгелс" бр.3**

ЕДБ на субјектот: **4030003472346**

Друштвото за трговија и услуги АГРОМЕХАНИКА АД Увоз Извоз Скопје,со адреса Бул.Маркс и Енгелс бр.3 Скопје, матичен број 5740886, со ЕДБ МК 403000347234 е настанато со поделба на Друштвото за трговија и услуги Агромеханика АД Увоз Извоз Скопје кое на своето Собрание на акционери одржано на 31.01.2003 година донесе одлука за поделба на Друштвото и истото престана без ликвидација и се изврши универзален пренос на нејзиниот имот на друштвата корисници на поделбата .

Новооснованото друштво АГРОМЕХАНИКА АД Скопје е основано како акционерско друштво со акционерски капитал 2.024.050,00 ЕУР , со вкупен број на акции 40.481 , вредност на една акција 50 ЕУР , и со вкупен број на акционери 114.
Акционерската книга на друштвото е регистрирана во Централниот депозитар за хартии од вредност Скопје.

Друштвото АГРОМЕХАНИКА АД Увоз Извоз Скопје изготви Годишна сметка за периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година.

Во Билансот на состојбата за деловната година заклучно со 31.12.2011 година, вкупниот збир на активата, односно на пасивата изнесува **88.589.876,00** денари, и тоа:

**АГРОМЕХАНИКА АД УВОЗ ИЗВОЗ Скопје**

## I БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### АКТИВА

| Реден број | О п и с | Состојба 31.12.2010 во денари | Состојба 31.12.2011 во денари | Индекс % (4 : 3) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 4 | 5 |
| **I.** | **Постојани средства** | **86.084.855,00** | **72.238.889,00** | **83,92** |
| 1. | Материјални средства | 69.907.398,00 | 68.439.524,00 | 97,90 |
| 2. | Финансиски вложувања | 16.177.457,00 | 3.799.365,00 | 23,49 |
| **II.** | **Тековни средства** | **18.506.399,00** | **16.202.917,00** | **87,55** |
| 1. | Залихи | 51.845,00 | 49.220,00 | 94,94 |
| 2. | Краткорочни побарувања | 7.372.859,00 | 7.680.960,00 | 104,18 |
| 3. | Краткорочни финансиски вложувања | 11.065.465,00 | 8.430.455,00 | 76,19 |
| 4. | Парични средства и хартии од вредност | 16.230,00 | 42.282,00 | 260,52 |
| **III.** | **Платени тошоци за идни периоди (АВР)** | **76.111,00** | **148.070,00** | **194,54** |
| **IV.** | **ВКУПНА АКТИВА** | **104.667.365,00** | **88.589.876,00** | **84,64** |

### ПАСИВА

| Реден број | О п и с | Состојба 31.12.2010 (во денари) | Состојба 31.12.2011 (во денари) | Индекс % ( 4 : 3 ) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 4 | 5 |
| **I.** | **Запишан капитал** | **94.451.848,00** | **94.451.848,00** | **100,00** |
| **II.** | **Сопствени акции ( - )** | **-** | **14.983.080,00** | **-** |
| **III.** | **Резерви** | **13.092.332,00** | **13.092.332,00** | **100,00** |
| **IV.** | **Пренесена загуба ( - )** | **4.762.520,00** | **15.074.209,00** | **316,52** |
| **V.** | **Загуба за финансиската година ( - )** | **10.311.689,00** | **4.077.089,00** | **39,54** |
| **VI.** | **Добивка за финансиската година** | **-** | **-** | **-** |
| **VII.** | **Долгорочни обврски** | **-** | **3.046.141,00** | **-** |
| **VI** | **Краткорочни обврски** | **12.196.515,00** | **11.940.449,00** | **97,90** |
| 1. | Кредити од банки | 3.300.000,00 | 3.250.000,00 | 98,48 |
| 2. | Краткорочни обврски - добавувачи | 2.222.066,00 | 2.788.502,00 | 125,49 |
| 3. | Останати краткорочни обврски | 6.674.449,00 | 5.901.947,00 | 88,43 |
| **VII** | **Одложено плаќање на трошоци (ПВР)** | **879,00** | **193.484,00** | **-** |
| **VIII** | **ВКУПНА ПАСИВА** | **104.667.365,00** | **88.589.876,00** | **84,64** |

Билансот на успехот за период од 01.01.2011 - 31.12.2011 година , е вкупните приходи изнесувааат **10.571.108,00** денари , вкупните расходи изнесуваат **14.479.632,00** денари , искажаната загуба пред оданочување за финансиската година изнесува **3.908.524,00** денари, а вкупната загуба после оданочување изнесува **4.077.089,00** денари и тоа:.

## II БИЛАНС НА УСПЕХ

| Реден број | О п и с | Состојба 31.12.2010 год. ( во денари ) | Состојба 31.12.2011 год. ( во денари ) | Индекс % ( 4 : 3 ) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 4 | 5 |
| 1. | Приходи од продажба | 8.082.514,00 | 9.845.354,00 | 121,81 |
| 2. | Останати деловни приходи | 480.908,00 | 537.628,00 | 111,79 |
| 3. | Приходи по основ на камати,курсни разлики и слични приходи | 152.737,00 | 188.126,00 | 123,16 |
| I | Вкупни приходи | 8.716.159,00 | 10.571.108,00 | 121,81 |
| 1. | Материјални трошоци | 5.448.589,00 | 5.303.476,00 | 97,33 |
| 2. | Трошоци за вработените | 8.328.088,00 | 6.833.050,00 | 82,04 |
| 3. | Останати трошоци од работењето | 4.826.364,00 | 1.572.090,00 | 32,57 |
| 4. | Расходи по основ на камати,курсни разлики и слични расходи | 411.649,00 | 771.016,00 | 187,29 |
| II | Вкупни расходи | 19.014.690,00 | 14.479.632,00 | 76,16 |
| III | Разлика Приходи - Расходи ( I -II ) Добивка ( + ) / Загуба ( - ) од редовното работење | - 10.298.531,00 | - 3.908.524,00 | 37,95 |
| IV | Данок од добивка по Годишна сметка | 13.158,00 | 168.565,00 | - |
| V | Загуба / Добивка за финансиската година | - 10.311.689,00 | - 4.077.089,00 | 39,54 |

Деловната година траеше 365 дена, покривајќи го пресметковниот период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година. Бројот на вработените на 31.12.2011 година на Друштвото изнесуава 16 , а просечно пресметаната и исплатената цела плата по вработен во деловната година изнесува 22.919,00 денари.

**СОСТОЈБА НА ДРУШТВОТО ВО ИЗМИНАТАТА ДЕЛОВНА ГОДИНА И СИТЕ ВАЖЕЧКИ НАСТАНИ ШТО СЕ СЛУЧИЛЕ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА НА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА ГОДИШНАТА СМЕТКА**

## I. ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО РЕЗУЛТАТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО

1. Амортизацијата на основните средства ја извршивме по пропорционален метод со примена на пропишаните стапки согласно Номенклатурата на средствата за амортизација и по овој основ искажавме износ од 2.370.968,00 денари.

2. На 31.12.2011 година имаме вкупно ненаплатени побарувања од купувачи во износ од 6.534.951,00 денари, од кои утужени и спорни побарувања од деловни односи се во износ од 5.875.844,50 денари.

3. Ревалоризација на нематеријални и материјални вложувања за периодот од 01.01.-31.12.2011 година согласно позитивните законски прописи не е пресметана.

## II. СОСТОЈБАТА НА ДРУШТВОТО ВО ИЗМИНАТАТА ДЕЛОВНА ГОДИНА И ГЛАВНИТЕ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ КОИ ШТО ВЛИАЕЛЕ НА РАБОТЕЊЕТО ВО 2011 ГОДИНА

Работењето на Друштвото за период од 01.01-31.12.2011 година го карактеризира искажаната Загуба од 4.077.089,00 денари .
Загубата воглавно е од недостаток на комерцијални активности на Друштвото , тоа е проблем кој се провлекува долги години наназад и директна последица на транзицијата како во Друштвото така и кај неговите клучни партнери.
Иако е ова проблем на макро план , последиците за Друштвото се исклучително тешки. Од друга страна пак , враќањето на изгубените позиции на пазарот кои што се случија од периодот од 1998 -2002 година се покажаа како практично невозможно , бидејќи за тој период со слабеењето на Агромеханика и нејзината изнудена поделба , местото на пазарот го заседоа други компании.Исто така големиот број на судски спорови кој што веќе

петнаесетина години  акционерите на Друштвото  со или без причина ги водат против своето Друштво продолжи и во 2011 година  со сите тешки последици кои што тие ги носат.
Како  што се  гледа вкупната загуба  на  Друштвото изнесува  4.077.089,00  денари што е знатно помалку од  загубата  искажана во  2010  година  ,  и ако од неа  се одбие   пресметаната  амортизација   во износ од   2.370.968,00  и пресметаниот данок   од   непризнати расходи   во износ од   168.565,00   ,тогаш   фактичката загуба изнесува  1.537.556,00  денари.

## III . ПОДАТОЦИ ЗА ТРАНСАКЦИИТЕ  МЕЃУ ДРУШТВОТО  СО ПОВРЗАНИТЕ ЛИЦА

Друштвото   е   содружник со   30   %    во Друштво за производство   и трговија АРВИН ДОО    Валандово , чија претежна дејност е  производство на вино  од грозје ,  во 2011  година  беше  остварен приход од  цца  1.500.000,00 денари  , што со оглед на   винарската криза во цела   Европа   , сметаме дека    остварениот приход  е задоволителен.

## IV. ПОЛИТИКА НА РАСПРЕДЕЛБА НА ДИВИДЕНДА НА ДРУШТВОТО

Со оглед   на   искажаната   загуба   за   финансиската   2011 година   , дивиденда  за  деловната  2011   година  нема.

## V ПОДАТОЦИ  ЗА  ОРГАНИТЕ   НА   УПРАВУВАЊЕ

Друштвото  има двостепен ситем на управување ,односно , Надзорен одбор  и Управен одбор .

Надзорниот одбор брои 3 члена и тоа:

1) Шишовска Даница
2) Љиљана Ангеловска  -
3) Тоновски Ѓорѓи - независен  член

Управниот одбор на Друштвото   од 5 члена  и тоа:

1) Мито Јованосвки  - Претдседател

2) Славчо Лазов - член
3) Љубомир Стојановски - член
4) Славка Павлова - член
5) Снежана Маневска - член

## VI. ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ПОСЕДУВААТ ПОВЕЌЕ ОД 5 % ОД АКЦИИТЕ СО ПРАВО НА ГЛАС

Друштвото поседува 40.481 акција , од кои 5.247 се сопствени акции , чии права мируваат -согласно ЗТД ,така да вкупен број на акции со право на глас на Друштвото се 35.234 акции.

| *Р.бр* | *Име и презиме* | *МБР* | *Акции %* |
|---|---|---|---|
| 1. | **Мито Јовановски** | - | **6.303 - 17,88 %** |
| 2. | **Љубомир Стојановски** | - | **6.024 - 17,09 %** |
| 3. | **Славчо Лазов** | - | **4.679 - 13.27 %** |
| 4. | **Славка Павлова** | - | **4.378 - 12,42 %** |
| 5. | **Т.Д.За меѓународна шпедиција МАКОШПЕД АД Скопје** | **04058526** | **1.981 - 5,62 %** |

## VII . ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИТЕ ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ

Примањата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото за период од 01.01.2011 до 31.12.201 година - се следните :

| **Реден број** | **Име и презиме** | **Плата** | **Надомест по одлука од Собрание** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Даница Шишовска | 314.160,00 | - | 314.160,00 |
| 2. | Љиљана Ангеловска | 314.160,00 | - | 314.160,00 |
| 3. | Ѓорѓи Тоновски | - | - | - |

Примањата на членовите на Управниот одбор на Друштвото за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година - се следните :

| **Реден број** | **Име и презиме** | **Плата** | **Надомест по договор** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мито Јовановски | 62.430,00 | 210.000,00 | 272.430,00 |
| 2. | Славчо Лазов | 52.870,00 | 154.000,00 | 206.870,00 |
| 3. | Љубомир Стојановски | 717.940,00 | - | 717.940,00 |
| 4. | Славка Павлова | - | - | - |
| 5. | Снежана Маневска | 550.080,00 | - | 550.080,00 |

## VIII. ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО КУПУВАЊЕТО НА СОПСТВЕНИ АКЦИИ ВО АГРОМЕХАНИКА А.Д.СКОПЈЕ ВО ТЕКОТ НА ДЕЛОВНА ГОДИНА

Во текот на 2011 година Друштвото нема купено сопствени акции. Друштвото поседува вкупно 5.247 сопствени акции , чија што судбина ќе се реши согласно постојните Законски прописи.

## IX. ВЕРОЈАТЕН ИДЕН РАЗВОЈ НА ДЕЛОВНИОТ ПОТФАТ

Со оглед на тоа што условите за работа во 2011 година , поради последиците од глобалната криза , беа исклучително тешки , целата енергија на вработените на Друштвото и комерцијалните активности на Друштвото во идниот период ќе бидат насочени кон барање пласман и развивање на нови пазари , поврзани со виното произведено во АРВИН ДОО Валандово како и проектите поврзани со активирањето на дел од Стовариштето Лепенец .Првичните резултати се веќе видливи - зголемувањето на приходите од продажба за цца 25 % во однос на 2010 година се директна последица на остварените приходи од АРВИН ДОО во износ од цца 1.500.000,00 денари и еден помал дел од развивањето на нови комерцијални активности од стовариштето Лепенец .

**ЗАКЛУЧОК :** Од се она што е произнесено произлегува дека и во 2012 година Друштвото го очекува една тешка година бидејќи како што е веќе кажано враќањето на изгубените позиции на пазарот воопшто не оди со она темпо и динамика која што сите ја посакуваме .Меѓутоа на одреден начин веќе се создадени услови за едно поекономично работење за очекување е дека финансис-киот резултат 2012 година ќе биде поповолен од оној искажан за претходната година.Дополнителен проблем е сопственичката структура на Агромеханика АД Скопје. Имено од 114 акционери само 12 се вработени чија што примарна цел е обезбедувањето на плата . Останатите акционери ,сосема оправдано , очекуваат дивиденда која што во последните

години изостанува . Иако тука би требало да напоменеме дека од досега пресметаните и исплатените дивиденди акционерите имаат вкупен принос на номиналната вредност на акциите од цца 24 % , што воопшто не е занемарливо . Сепак останува задача за органите за управување да во оквир на постојните законски прописи изнајдат начин како да ги задоволат интересите **на сите акционери** , бидејќи долгорочно гледано спротивставените интереси на акционерите носат во себе потенцијална опасност за опстанокот на Друштвото.

**Претседател на Управен Одбор**

Мито Јовановски _______________

**Членови на Управен одбор**

Славчо Лазов _______________

Љубомир Стојановски _______________

Славка Павлова _______________

Снежана Маневска _______________

Друштво за трговија и услуги АГРОМЕХАНИКА АД увоз - извоз СКОПЈЕ

Скопје, 27.02.2012 година